Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС АД
Бр. 0202-682
08 06 2020 год.
ТЕТОВО

ТТК БАНКА АД
СКОПЈЕ

| Примено: | 08.06.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 3896/1 | | |

До

ТТК Банка АД Скопје
ул.Народен фронт бр.19/а
1000 Скопје

-Управен одбор
-Собрание на акционери

/за XXXIV-та седница на Собрание на акционери/

Предмет: - Достава на Предлог- одлука за предложена точка на Дневен ред, и
- Барање за вклучување нова точка на Дневниот ред

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, акционерот Тетекс АД Тетово, кој поседува над 5% од вкупниот број на акции со право на глас, за XXXIV седница на Собранието на акционери на ТТК Банка АД Скопје закажана за ден 2.7.2020 година, ја предлага следнава Предлог-одлука по точка 1 од предложениот дневен ред:

1. Предлог-одлука за именување член на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје,

Воедно, акционерот Тетекс АД Тетово за наведената седница на Собрание на акционери предлага по точката 1 од Работниот дел од предложениот дневен ред да се вклучи нова точка во дневниот ред за усвојување/донесување и тоа:

2. Предлог – одлука за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје.

Предлог-одлуките, како и податоците за предложените членови на Надзорен одбор на ТТК Банка АД Скопје, а кои согласно член 344 став 4 од Законот за трговските друштва треба да им бидат достапни на акционерите, се во прилог на овој допис.

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан ТЕТЕКС АД 1 ТЕТОВО

Тетекс АД Тетово

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48 и член 50 и член 51 став 4 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на Банката на XXXIV-тата седница одржана на ден 2.7.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за именување член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

### Член 1

За член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период до 3.4.2021 година се именува Драгица Јовановска.

### Член 2

На именуваниот член на Надзорниот одбор му се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во износ од 45.000 денари.

### Член 3

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

___________________

| **_ПОДАТОЦИ ЗА НОМИНИРАН КАНДИДАТ<br>ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ_** | |
|---|---|
| Име и презиме | Драгица Јовановска |
| Возраст (датум на раѓање) | 24.4.1958 година |
| Пол | женски |
| Адреса на живеење | ул. „Маршал Тито“ бр. 74/1 Тетово |
| Образование | Економски факултет- Скопје, дипломиран економист, насока финансиско-сметководствена банкарска |
| Функција (работно место) која во моментот ја извршува | Пом. генерален директор за финансиски и економски прашања |
| Професионални и други квалификации | Лиценца за овластен сметководител, положен испит за овластен ревизор |
| Работно искуство и како е стекнато | Од 10.1.1983 година до ден денес во Тетекс АД Тетово<br>Континуирано напредување во работењето почнувајќи од референт во девизна служба, шеф на сметководство, директор на финансов сектор до пом. генерален директор за финансиски и економски прашања од 1.6.2013 година. |
| Во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор | Одбор на директори - Тетекс АД Тетово<br>Надзорен одбор - Петролгас ДОО Тетово |
| Други поважни функции што ги вршел | Од 28.5.2019 г. по овластување замена на Генерален директор на Тетекс за време на отсуство на Генерален директор. |
| Бројот на акции што ги поседува во Банката и во други друштва | Во Тетекс АД Тетово – 5012 акции<br>Во Осигурителна полиса – 1973 акции<br>Во ТТК Банка Ад Скопје – 1036 акции |
| Заемите и другите обврски што ги има кон Банката | / |

<u>ПРЕДЛОГ</u>

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48 и член 50 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на Банката на XXXIV-та седница одржана на ден 2.7.2020 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

### Член 1

За независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години сметано од 2.7.2020 година се именува Владо Камбовски.

### Член 2

На именуваниот член на Надзорниот одбор му се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во износ од 45.000 денари.

### Член 3

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за именување на независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје бр. 02-9009/2 од 05.11.2019 година донесена на XXXII-та седница на Собрание на акционери на ТТК Банка АД Скопје.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

____________________

**О б р а з л о ж е н и е**

**кон Предлог – одлуката за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор го сочинуваат 7 (седум) члена, избрани во постапка и услови согласно закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Со Одлука на Собранието на Банката бр. 02-10895/1 од 31.10.2016 година донесена на седницата одржана на ден 31.10.2016 година, Методија Несторовски беше именуван за независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години, почнувајќи од 17 март 2017 година.

Гувернерот на Народна банка на Република Македонија со Решение број 8514 од 15.3.2017 година издаде претходна согласност Методија Несторовски да биде именуван за независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 17.3.2017 година до 22.2.2020 година.

Во согласност со член 88 став 6 од Законот за банки исто лице не може да биде независен член на Надзорниот одбор во иста банка подолго од три последователни мандати.

Имајќи ја предвид оваа одредба од Законот за банки, како и фактот дека Методија Несторовски ја извршува функцијата независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје сметано од 22.2.2008 година се предлага Собранието на Банката да донесе Одлука за именување нов независен член на Надзорниот одбор на Банката на местото на Методија Несторовски за период од 4 (четири) години.

Исто така, во согласност со член 50 од Статутот на Банката, на членовите на Надзорниот одбор им припаѓа награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор, па се предлага истата награда да биде определена и за новоименуваниот член.

Поради сето горенаведено се јавува потреба за донесување на предметната Одлука за именување член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје.

| ***ПОДАТОЦИ ЗА НОМИНИРАН КАНДИДАТ<br>ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ*** | |
|---|---|
| Име и презиме | Владо Камбовски |
| Возраст (датум на раѓање) | 5.1.1948 година |
| Пол | машки |
| Адреса на живеење | ул. „Мирослав Крлежа“ бр.48 Скопје |
| Образование | Високо образование, Правен факултет |
| Функција (работно место) која во моментот ја извршува | Редовен професор на Правниот факултет во Скопје (во пензија); член на МАНУ, раководител на Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ |
| Професионални и други квалификации | Доктор на правни науки, академик |
| Работно искуство и како е стекнато | Професор на Правен факултет, академик |
| Во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор | |
| Други поважни функции што ги вршел | Потпретседател на Извршниот совет на СРМ, министер за правда во Сојузниот извршен совет на СФРЈ, министер за правда во Владата на РМ, потпретседател и претседател на МАНУ |
| Бројот на акции што ги поседува во Банката и во други друштва | 1600 акции во ТТК Банка АД Скопје, 3900 акции во Комерцијална банка - Скопје |
| Заемите и другите обврски што ги има кон Банката | Нема |